**ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01-19/4
24.04 2019 год.
СКОПЈЕ

FON FIRST PRIVATE UNIVERSITY

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 218**

**Скопје, 24.04.2019**

# С О Д Р Ж И Н А:


1. Рецензија за избор на еден наставник од научната област Финансии (50326) и Меѓународна економија (50309)....................................................................3399
2. Рецензија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од научната област: Методологија и теорија во политичките науки (50709) и Општа социологија (51100)...................................................................................3408

## ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН

**Факултет за економски науки**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР/РЕИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТ ФИНАНСИИ И МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при Првиот приватен универзитет – ФОН, донесена на неговата седма седница одржана на 05.04.2019 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на финансиите и меѓународната економија, во состав:

- Проф. д-р Михаил Петковски – претседател,
- Акад. Таки Фити – член,
- Проф. д-р Владимир Филиповски – член.

По прегледот на доставената документација, Рецензентска комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при Првиот приватен Универзитет - ФОН, го доставува следниот:

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен од Првиот приватен универзитет - ФОН во дневниот весник „Слободен печат“ на ден 19.03.2019 година, за избор на наставник од област Финансии (50326) и Меѓународна Економија (50309), се пријави кандидатот проф. д-р Нада Петрушева, вработена како наставник на Економски факултет при ФОН Универзитетот.

Пријавата и поднесените документи на проф. д-р Нада Петрушева, ги проучивме и по истите, ги изнесуваме следниве констатирани факти:

### 1. Биографски податоци

**Нада Петрушева** е родена на 30 ноември 1977 година во Гевгелија, каде го завршила основното и средно образование како најдобар матурант, првенец на генерацијата 1992/96 година, во Училиштниот центар Јосиф Јосифовски во Гевгелија.

На Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се запишала во учебната 1996/97 година, како редовен студент на смерот надворешна трговија, а во март 2001 година ја одбранила дипломската работа на тема „Кредитирање и финансирање на франшизинг работите според американското искуство“ под менторство на проф. д-р Снежана Плавшиќ и проф. д-р Александар Николовски.

Како апсолвент на Економскиот факултет во 2000 година преку AIESEC остварала тримесечен престој и практична работа (од 01.06.2000 до 15.09.2000) во реномираната американска кредитна рејтинг агенција Dun & Bradstreet, во нејзината филијала во Тунис,

каде имала можност да се здобие со практично искуство во областа на одредување на кредитен рејтинг на претпријатие.

Почнувајќи од 2001 година се вработила во Стопанската комора на РМ, каде најнапред била ангажирана како референт во Секторот земјоделие и прехрамбена индустрија, а после две години била ангажирана во секторот за Економски односи со странство, а последната година како советник на Претседателот на Стопанската комора. Работното место и дало можност да присуствува на бројни регионални и меѓународни конференции, со пишани материјали, а имала учество и во неколку проекти реализирани во Македонија и во земјите од регионот.

Веднаш по дипломирањето, во 2001 година ги запишала постдипломските студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Предвидените испити од студиумот по меѓународен бизнис ги завршила со просечна оцена 9,27. Во 2003 година го пријавила магистерскиот труд на тема „Осигурување на извозни кредити од комерцијални и некомерцијални ризици" под менторство на проф. д-р Александар Николовски, а одбраната ја имала на 15.10.2004 година кога се здобива со звање магистер по економски науки.

Паралелно со постдипломските студии, во учебната 2002/03 година била студент на Академијата на Dun & Bradstreet во Лондон (по принципот на distance learning), каде по една година се стекнала со специјализација од областа на кредитните рејтинзи и со Диплома за авторизиран аналитичар за одредување на кредитен рејтинг на претпријатие.

Во текот на 2005 година, од јануари до декември месец, била студент на Европската Академија за земјите од Западен Балкан, организирана од Стопанската комора на Словенија и Британската Амбасада во Љубљана, каде со завршниот испит добива Сертификат за специјализација од областа на правото на ЕУ.

На 22.04.2005 година го има изборот за асистент по предметот Меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување на Економскиот факултет во Скопје, УКИМ, каде во период од шест месеци волонтира и асистира на предметниот наставник.

Од 15.09.2005 година го има изборот за асистент на Европски Универзитет - Република Македонија, на предмети од областа на финансиите.

Во периодот од 15.02.2006 – 20.03.2007 е Асистент на Европски Универзитет - Република Македонија и како асистент ги држи вежбите на предметите на Факултетот за правни науки и Факултетот за политички науки:

- Основи на економија (со предметен проф. д-р Шабан Превала)
- Осигурување во бизнисот (со предметен проф. д-р Александар Николовски)
- Право на осигурување (со предметен проф. д-р Александар Николовски)
- Финансиски менаџмент (со предметен проф. д-р Шабан Превала)
- Меѓународни финансии (со предметен проф. д-р Шабан Превала)

Во периодот од 20.03.2007 - 20.05.2009 е ангажирана како Асистент на Прв приватен ФОН Универзитет, а на Факултетот за економски науки е одговорна за вежбите по предметите:

- Осигурување во бизнисот (со предметен проф. д-р Александар Николовски)
- Право на осигурување (со предметен проф. д-р Александар Николовски)
- Монетарна економија (со предметен проф. д-р Тодор Тодоров)
- Економика на инвестиции (со предметен проф. д-р Тодор Тодоров)
- Меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување (со предметен проф. д-р Александар Николовски)

На 13 ноември 2006 година на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ја пријави докторската дисертација со наслов „Осигурување на извозни кредити и нивно финансирање“ под менторство на проф. д-р Александар Николовски, а јавната одбрана на трудот ја имаше на 11 март 2009 година, кога и се здоби со звањето Доктор на Економски науки.

На 12.05.2009 година д-р Нада Петрушева го има изборот во наставно-научно звање Доцент од областа на финансии, а на 12.05.2014 година го стекна звањето Вонреден професор од областа на финансии на Економскиот факултет при ФОН Универзитетот.

Проф. д-р Петрушева во периодот од 2009 година до денес предава на следните факултети на Универзитет ФОН:

- Факултет за економски науки,
- Факултетот за странски јазици (бизнис насока)

На Факултетот за економски науки, на прв цисклус студии ги предава предметите:

1. Осигурување
2. Финансиски пазари и институции
3. Вовед во финансиските пазари
4. Претприемништво

На специјалистичките студии на Факултетот за економски науки, ги предава предметите:

1. Хартии од вредност и портфолио менаџмент
2. Меѓународен бизнис

На магистерските студии на Факултетот за економски науки, ги предава предметите:

1. Меѓународни финансиски пазари и институции
2. Корпоративно управување

На Факултетот за странски јазици (бизнис насока) ги предава предметите:

1. Осигурување, транспорт и шпедиција
2. Надворешна трговија

Од 2009 година д-р Петрушева од ННС на Економскиот Факултет на ФОН Универзитетот е именувана за претседател на Комисијата за признавање на испити на студенти што прават трансфер на Факултетот за економски науки на Универзитетот ФОН од други високообразовни институции, и таа функција ја извршува се до септември 2018 година.

Акредитирана е за ментор на магистерски работи и била ментор во изработка на повеќе дипломски, специјалистички и магистерски трудови, претседател и член на комисии за оцена и одбрана на истите.

Од ноември 2018 година е член на Сенат на ФОН Универзитететот како претставник од Економскиот факултет.

Професор д-р Нада Петрушева е позитивно оценувана во постапките за самоевалуација на Универзитетот.

## 2. Објавени научни и стручни трудови од економска област:

**Објавена книга (учебник):** Економика на осигурување, Фон Универзитет – Скопје, 2011 година, ISBN 978-608-4506-29-4, во коавторство со проф. д-р Александар Николовски

Има учество на повеќе научни конференциии, а во продолжение е даден список на позначајните научни трудови од економската област:

❖ **Објавени научни трудови од изборот во Вонреден професор на Економски факултет на 12 мај 2014:**

1. **Export credit agencies as supporters of economic activity through provision of funding and insurance of export**, The 6th International Scientific Conference "Economy and Politics", Higher Educational Instituton for Applied studies of Entrepreneurship – Belgrade, Institute for political studies – Belgrade, Centre for Industrial Relations – Belgrade, Banja Luka College – Banja Luka, 6th June 2014, Belgrade. (ISBN 978-86-86707-60-4) - Nada Petrusheva Ph.D, Aleksandar Nikolovski Ph.D, Mirko Tripunoski Ph.D (pp. 97-108)
2. **The impact of the political risks on the business and the evaluation from the Export Credit Agencies,** The Vth International Scientific conference: Knowledge – Capital of the future, 21-25 May 2015 Bansko, Bulgaria – Nada Petrusheva Ph.D
   **The impact of the political risks on the business and the evaluation from the Export Credit Agencies,** Knowledge - International Journal Scientific and Applicative papers Vol.9, 2015, ISSN1857-92 (pp.180-185) - Nada Petrusheva Ph.D
3. **Menagement of financial risks in international trade financing,** The V International Scientific Conference on Economic Development and Standard of living - EDASOL 2015, The Pan-European University „Apeiron" Banja Luka, 23 October 2015, - Nada Petrusheva Ph.D
4. **Export Credit Insurance: The case of Germany,** International Journal of Resent Research in Arts and Sciences ISSN: 1857-8128, Volume 4, (pp. 229-237), Skopje 2015, MIT University Skopje - Nada Petrusheva Ph.D, Marija Chukarska
5. **Export Credit Insurance: The case of Great Britain,** The VIIth International Scientific conference: Knowledge – Capital of the future, 4-6 December 2015 Bansko, Bulgaria – Nada Petrusheva Ph.D, Marija Chukarska
   **Export Credit Insurance: The case of Great Britain,** Knowledge - International Journal Scientific and Applicative papers Vol.11/2, 2015, ISSN1857-92 (pp.115-118) - Nada Petrusheva Ph.D, Marija Chukarska
6. **Credit insurance against letter of credit as instrument for securing financial transactions,** International Magazine for Social Sciences VISIONS no. 25, Skopje 2016 - Nada Petrusheva Ph.D
7. **Strategies for investing in the capital market using the fundamental and technical analysis of stocks,** The VIIIth International Scientific and Applicative Conference: Knowledge without borders, 8-10 April 2016 Bansko, Bulgaria – Nada Petrusheva Ph.D Igor Jordanoski MSc
8. **Comparative analysis between the fundamental and technical analysis of stocks**. Academic Journal JPMNT – Journal of Process Management – New Technologies, International, Volume 4, Issue 2016, ISSN:2334-7449 (Online), ISSN:2334-735X (Print), May 2016 (pp.26-31) – Nada Petrusheva Ph.D; Igor Jordanoski, MSc
9. **Menagement of financial risks in international trade financing – EMC Review** (Economy and Market Communication Review), Panevropski Unuverzitet Apeiron, Banja Luka, Vol. VI, No.I, june 2016 (I UDK: 33, ISSN 2232-8823 print, ISSN 2232-9633 Online), pp 81-92. - Nada Petrusheva Ph.D
10. **The economic and financial risk management in the domain of international trade finance,** International Magazine for Social Sciences VISIONS no. 26, Skopje 2016 - Nada

Petrusheva Ph.D

11. **Comparison between the two greatest world economic crises regarding the banking systems**, Tenth Jubilee International Conference: The power of knowledge, 7-10 October, 2016 Agia Triada, Greece - Scientific papers Vol.14.2 – Nada Petrusheva Ph.D, Elena Jordanoska MSc and Igor Jordanoski MSc
12. **Tax evasion as a form of financial crime -** Twelfth International Scientific Conference: "Knowledge without borders", 31.03-02.04.2017 Vrnjacka Banja, Serbia - Scientific papers Vol.16.3 - Nada Petrusheva Ph.D; Darko Iliov MSc
13. **Review of the concept of minimum wage –** Thirteenth International Scientific Conference : "The teacher of the future", 25-28 May 2017 Budva, Montenegro - Scientific papers Vol.17.2 - Nada Petrusheva Ph.D; Darko Iliov MSc
14. **The global economic crisis and its influence on the German Economy** – EDASOL 2017 (Theme: Small and medium entrepreneurship – perspectives and barriers), Pan-European University "APEIRON" Banja Luka, 27th October 2017, Banja Luka, Bosnia and Herzegovina - Nada Petrusheva Ph.D, Elena Jordanoska MSc
15. **Income inequality and the (un)fairness of progressiv taxation,** XV-th Jubilee International Scientific Conference: "Knowledge in practice", 14-17 December 2017 Bansko, Bulgaria - Scientific papers Vol.20.2 - Nada Petrusheva Ph.D; Darko Iliov MSc
16. **Policies and measures for prevention of financial crisis**, Knowledge – International Journal, Vol. 20.3, 14-17 December 2017 Bansko, Bulgaria – Savo Ashtalkoski, Nada Petrusheva, Aleksandar Dejanovski (pp. 199)
17. **The role of Financial statements in the implementation of fundamental analysis of stocks**, International Magazine for Social Sciences VISIONS no. 29, Skopje January 2018 - Nada Petrusheva Ph.D, Elena Jordanoska MSc and Igor Jordanoski MSc
18. **Implication from credit risk in the banking sector in R.Macedonia – conditions and directions for action**, Seventeenth International Scientific Coneference "The Teacher of the future, 23-27 May 2018, Budva, Montenegro - Scientific papers Vol.23.4 – Nada Petrusheva Ph.D, Kristina Stojanovska MSc
19. **Bank credits as a funding source for international business financing,** International Magazine for Social Sciences VISIONS no. 30, Skopje 08.08.2018 - Nada Petrusheva Ph.D (pp.475-488)
20. **Export credit agencies in developing countries and countries in transition – the case of Republic of Macedonia,** International Magazine for Social Sciences VISIONS no. 30, Skopje 08.08.2018- Nada Petrusheva Ph.D (pp.377-388)
21. **Metods of identification of scope of the damage and indemnification in credit insurance**, XVIII-th International Scientific Conference: The power of Knowledge, 27-29 September, 2018 Agia Triada, Greece - Scientific papers Vol.26.1 – Nada Petrusheva Ph.D, Aleksandar Nikolovski Ph.D
22. **Credit risk and credit rating analysis prior to financial support and insurance of export credit approval,** XVIII-th International Scientific Conference: The power of Knowledge, 27-29 September, 2018 Agia Triada, Greece - Scientific papers Vol.26.1 – Nada Petrusheva Ph.D, Nikola Popovski Ph.D
23. **Murabaha-contemporary banking trend with limited usage in the Macedonian financial system,** XIX-th International Scientific Conference:"Knowledge in practice", 14-16 December 2018 Bansko, Bulgaria - Scientific papers Vol.28.1 - Nada Petrusheva Ph.D; Metin Akiti MSc

24. **The flaws of the system of accounting for the value-added tax liabilities and receivables, and recommendations for overcoming them,** XIX-th International Scientific Conference:"Knowledge in practice", 14-16 December 2018 Bansko, Bulgaria - Scientific papers Vol.28.5 - Nada Petrusheva Ph.D; Darko Iliov MSc
25. **Credit insurance contract and the judicial relations emerging from its signing,** International Magazine for Social Sciences VISIONS no.32, Skopje, February 2019 - Nada Petrusheva Ph.D, Sejdefa Dzhafce, Ph.D

- **Објавени научни трудови од изборот во Доцент на Економски факултет на 12 мај 2009 година:**

1. **Determination of the height of the damage and compensation for the damage in credit insurance**, The II International Scientific Conference 2014 (Knowledge – Capital of the future), Knowledge management institute – Skopje, Institute of social, political and juridical research – UKIM Skopje, Faculty of Management, MIT University Skopje, 21-23 May 2014, Ohrid. (ISSN 1857-923X) - Nada Petrusheva Ph.D, Aleksandar Nikolovski Ph.D
   **Determination of the height of the damage and compensation for the damage in credit insurance**, JPMNT – Journal of Process Management – New Technologies, International, ISSN: 2334-7449 (Online), Special Edition, May 2014 (pp.217-222) - Nada Petrusheva Ph.D, Aleksandar Nikolovski Ph.D
2. **Analysis of the credit risks and determination of credit ratings before the decision for financing and insurance of export credits**, JPMNT – Journal of Process Management – New Technologies, International, ISSN: 2334-7449 (Online), Special Edition, May 2014 (pp.207-212)- Nada Petrusheva Ph.D, Aleksandar Nikolovski Ph.D
3. **Macedonian economy in terms of foreign investments and their benefits**, The Third International Scientific Congress-Biennale ICON BEST 2013, University of Tourism and Management Skopje, 5$^{th}$ October, 2013, Skopje. (electronic ISSN:1857-6982, print ISSN:1857-6974) - Nada Petrusheva Ph.D, Aleksandar Nikolovski Ph.D
4. **Foreign investments as development factor for overcoming economic stagnation in the Republic of Macedonia**, The III International Scientific Conference EDASOL 2013 (Economic development and standard of living), The Pan-European University „Apeiron" Banja Luka, 25 October 2013, The Book of abstracts, ISBN 978-99955-91-25-0 - Nada Petrusheva Ph.D, Aleksandar Nikolovski Ph.D
   **Foreign investments as development factor for overcoming economic stagnation in the Republic of Macedonia** (pp.245-258) EMC Review – Economy and Market Communication Review, Vol.3, No.2, December 2013, ISSN 2232-8823 (Print); ISSN 2232-9633 (Online) - Nada Petrusheva Ph.D, Aleksandar Nikolovski Ph.D
5. **Credit Rating Agencies and moral values in the evaluation of credit risks**, The 5th International Scientific Conference "Moral effects of economy and economic effects of morality", Proceedings, Belgrade, 14 June 2013, ISBN 978-86-86707-58-1 - Nada Petrusheva Ph.D, Aleksandar Nikolovski Ph.D
6. **Insuring and financing of export credits in the Republic of Macedonia**, The 3rd International Conference "Law, economy and management in modern ambiance" LEMIMA 2013, Proceedings Volume 2, ALFA University Belgrade and Faculty for Education of the Executives Novi Sad, Serbia, 18-20 April 2013, ISBN 978-86-87333-31-4- Nada Petrusheva

Ph.D, Aleksandar Nikolovski Ph.D

7. **Contemporary capitalism and corporate governance of joint stock companies**, The 3rd International Scientific Conference „Capitalism in transition“, Proceedings, Higher Educational Institution for applied studies of Entrepreneurship, Belgrade, June 2012, ISBN 978-86-86707-53-6 - Nada Petrusheva Ph.D, Aleksandar Nikolovski Ph.D
8. **Regional development of the Southeastern European countries with a retrospect of the situation in the Republic of Macedonia**, II International scientific conference CCEDEP (Climate change, economic development, environment and people conference), University of Preshov, Slovak Republic, 12-13 September 2012 - Nada Petrusheva Ph.D, Aleksandar Nikolovski Ph.D
9. **Economical measures for the reduction of poverty and social exclusion – some aspects of the situation in the Republic of Macedonia**, The II International Scientific Conference EDASOL 2012 (Economic development and standard of living), Book of Proceedings, The Pan-European University „Apeiron“ Banja Luka, 12-13 October 2012- Nada Petrusheva Ph.D, Aleksandar Nikolovski Ph.D
10. **Economical measures for decrease of unemployment and poverty in the Republic of Macedonia,** International Scientific Conference „Migration and labour market“, Conference Proceedings, University St. Kliment Ohridski – Bitola, Faculty of Economics – Prilep, Krushevo, 19-20 October 2012 - Aleksandar Nikolovski Ph.D, Nada Petrusheva Ph.D
11. **Осигурување на меѓународни трансакции**, Годишник на ФОН Универзитетот, 2008/2009 година, доц. д-р Нада Петрушева

- **Објавени научни и стручни трудови до изборот во Доцент на Економски факултет:**

1. Студија за корпоративната општествена одговорност во Македонија - 2007 год., UNDP, учесник во истражувачкиот тим на проектот, м-р Нада Петрушева
2. Македонската економија и интеграцијата на Републиката во ЕУ, Научен собир организиран од ФОН Универзитетот и Институтот за социолошки и политички науки, Зборник на трудови „Република Македонија на патот кон НАТО и ЕУ – состојби и перспективи“, Скопје 2007 година, м-р Нада Петрушева
3. Проценка на кредитните ризици пред донесување одлука за осигурување на извозни работи - Зборник на Правниот Факултет „Јустинијан Први“ во чест на Панта Марина - Скопје, 2006 година, проф. д-р Александар Николовски, м-р Нада Петрушева
4. Македонската економија, изборите и нивното влијание врз стопанството, Зборник на трудови „Парламентарните избори 2006 и македонските аспирации за членство во ЕУ и НАТО“, ФОН Универзитет, Скопје 2006 година, м-р Нада Петрушева

## 3. Учество во научно-истражувачки и стручни проекти од национален и меѓународен карактер

***Во 2002 година:*** EMC Correspondent Diploma - Dun & Bradstreet, London UK (LDL)

September 2002: Modul One: Export Credit

October 2002: Modul Two: Data sources

November 2002: Modul Three: Export Credit Insurance

December 2002: Modul Four: Line of business

January 2003: Modul Five: Legal forms, capital and structures shares
February 2003: Modul Six: DUNS numbering & linkage
March 2003: Modul Seven: Getting paid
April 2003: Modul Eight: Balance Sheets and Profit & Loss Accounts
May 2003: Modul Nine: Financial Ratios & Trend
June 2003: Modul Ten: Credit rating, credit appraisal, credit conclusion

***Во 2003 година:***

- **Тесалија, Грција** - Проект за социо-економски развој од поголем размер – Подготовка на план за регионален развој на пограничниот регион, во организација на Европската агенција за реконструкција и Министерството за финансии на Република Македонија.

- **Софија, Република Бугарија** – Проект на ABC/DIHK (Асоцијација на балкански комори и Унија на германски трговско-индустриски комори) на тема: Градење на индустриски кластери.

***Во 2004 година:***

- **Белград, Србија** – Проект "Партнерс" на тема: Интра-регионална трговија и соработка на земјите од Југоисточна Европа, во организација на Eurochambres – Асоцијација на европските комори за трговија и индустрија.

- **Скопје**, Партнерски проект на Асоцијацијата на балкански комори (ABC) и Унијата на трговски и индустриски комори на Германија (DIHK), на тема: Меѓународни увозно-извозни договори.

***Во 2005 година:***

Проект: Европска Академија за вработените од коморите од Западен Балкан, во организација на Стопанска комора на Словенија и Британската Амбасада во Љубљана.

- Блед, Словенија – Модул 1: Слободно движење на стоки, луѓе и капитал
- Сараево, Босна и Херцеговина – Модул 2: Даноците во ЕУ
- Вршац, Србија – Модул 3: Заедничка трговска политика на ЕУ
- Јахорина, Босна и Херцеговина - Модул 4: Информатичко општество
- Рисан, Црна Гора – Модул 5: Царинска унија и царински процедури
- Љубљана, Словенија - Модул 6: Заштита на потрошувачите во ЕУ
- Белград, Србија - Модул 7: Проектен менаџмент
- Порторож, Словенија - Модул 8: Подготовка на буџет на ЕУ проекти

***Во 2007-2008 година:***

Проект: Корпоративна општествена одговорност (Baseline Study on Corporate Social Responsibility in Macedonia) - UNDP

***Во 2010-2018:***

Проектот „Фабрика на знаење“ во годините:

- 2010/2011 Проект „Фабрика на знаење“ со компанијата Везе Шари Тетово,
- 2011/2012 Проект „Фабрика на знаење“ со Комерцијална Банка АД Скопје,
- 2012/2013 Проект „Фабрика на знаење“ со Халк Банка АД Скопје,
- 2013/2014 Проект „Фабрика на знаење“ со Медиа Принт Македонија, Скопје
- 2014/2015 Проект „Фабрика на знаење“ со Парк Резиденс, Скопје и
- 2016/2017 Проект „Фабрика на знаење“ со Попова Кула, Демир Капија

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целосниот преглед на изнесените податоци согледани во приложениот материјал на кандидатот проф. д-р Нада Петрушева, Рецензентската комисија ги донесе следниве заклучоци:

1. Комисијата цени дека кандидатот проф. д-р Нада Петрушева, во целост ги исполнува условите пропишани во Законот за високо образование, одредбите на Статутот и Правилникот за избор и реизбор на наставници што е донесен од Сенатот на ФОН Универзитет;

2. Проф. д-р Нада Петрушева е исклучително плоден научен работник кој досега постигнал значајни резултати во својата стручна и научна работа. Од увидот во досегашната работна биографија, можевме да се увериме дека таа располага со научна, стручна и богата педагошка работа од областа на финансиите и меѓународната економија, за што сведочи и учебникот Економика на осигурување прифатен од Наставно–научниот совет како учебник за студентите од Економски факултет;

3. Членовите на Рецензентската комисија се едногласни за избор на кандидатот проф. д-р Нада Петрушева за наставник во областа на финансиите и меѓународната економија, бидејќи го поседува потребното научно, стручно и педагошко искуство што е неопходно за вршење на наставно-научната дејност од областа на финансиите и меѓународната економија, согласно распишаниот конкурс.

Според тоа, Комисијата има чест и посебно задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при Првиот приватен Универзитет - ФОН, да го избере кандидатот проф. д-р Нада Петрушева за наставник во областа на финансиите и меѓународната економија, во звањето – **РЕДОВЕН ПРОФЕСОР.**

**Рецензентска комисија:**

1. Проф. д-р Михаил Петковски, с.р., претседател

2. Акад. Таки Фити, с.р., член

3. Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р., член

Скопје

Април, 2019 година

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА МЕТОДОЛОГИЈА И ТЕОРИЈА ВО ПОЛИТИЧКИТЕ НАУКИ И ОПШТА СОЦИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ И ДИПЛОМАТИЈА НА ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН**

Со решение на Факултетот за политички науки и дипломатија при Првиот приватен универзитет – ФОН од Скопје, избрани сме за членови за рецензионата комисија за избор на наставник од областа Методологија и теорија во политичките науки и Општа социологија во следниов состав:

1. Проф. Д-р Нано Ружин, ФОН Универзитет, Скопје
2. Проф. Д-р Назми Маличи, ФОН Универзитет, Скопје
3. Проф. Д-р Јорде Јакимовски, Институт за политички и правни истразувања, " Св. Кирил и Методиј' Скопје

По разгледување на пристигнатите материјали, врз основа на Законот за високо образование и Статутарни одредби на Прв приватен универзитет –ФОН од Скопје, рецензионата комисија го поднесу ва следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

На конкурсот објавен во дневниот печат "Слободен печат" –март 2019 година за избор на наставнк од областа Методологија и теорија во политичките науки и Општа социологија, во дадениот рок доставена е пријава на следниот кандидат:

**Кандидат Проф. Д-р Зунун Зунуни**

Кандидатот Проф. Д-р Зунун Зунуни, е роден на 15. 02. 1973 год. во с. Скудриње, општина Маврово и Ростуше, Република Северна Македонија, вонреден професор и досегашен наставник по предметите; Методологија на правно- политички истражувања и Социологија на Факултетот за политички науки и дипломатија при Прв приватен унивезитет – ФОН Скопје, избран во научното звање вонреден професор во 2014 година. Докторска десертација брани на 02. 10. 208 год. на Институт за политички и правни истражувања, " Св. Кирил и Методиј", Скопје, и се здобива со научен степен доктор по социолошки науки. Магистерски студии завршува на Филозофскиот Факултет " Св. Кирил и Методиј" Скопје,со што добива научен степен магистер на историски науки, а дипломски студии има завршено на Филозофскиот Факултет " Св. Кирил и Методиј" и се стекнува со стручен назив дипломиран професор по историја.

Одлично го владее италјанскиот јазик, а има и добро познавање и од англискиот и рускиот јазик и поседува основни компјутерски вештини.

**Работно искуство**

Од 2009 година до денес Прв приватен унивесзитет " ФОН", Скопје

**СПИСОК НА ПОЗНАЧАЈНИ ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ**

**АКАДЕМСКА ПУБЛИКАЦИЈА – КНИГА**

1. . З. Зунуни., Емиграционите движења од Македонија во Европа, Америка и Австралија, НУБ "Св. Климент Охридски", Скопје, 2019

2. З. Зунуни., Развојни трендови во селата на општина Маврово и Ростуша (1945-2010), НУБ "Св. Климент Охридски", Скопје, 2010 (рецензиран универзитетски учебник)

3. З. Зунуни., Монографија на општина Центар Жупа, Скопје 2012 (во фаза на печатење)

**СПИСОК НА РЕЦЕНЗИРАНИ ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ**

1. Zununi Z., Jovcheska S., "Multinational and International Teams - Strategy for Performing Critical Organizational Projects", Vizione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, n.32, 2019
2. Zununi Z., Jovcheska S., "The Necessity of Professional Mentors for Successful Expatriate'a Adaptation on Their Retrieval to Their Home Countries" Knowledge, (International Journal Scientific and Applicative papers), 2019 (EBSCO, Global Impact & Quality Factor 1.322)
3. Gadzoski M., Zununi Z., "Ulogata, znachenjeto i borbata protiv terorizmot na NATO alijansata po 11 septemvri 2001", Centrum, International Scientific Journal No.11, 2019
4. Zununi Z., Jovcheska S. "Brand Management and Intellectual Property", Vizione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, n.30, 2018
5. Zununi Z., Jovcheska S., "General Electric Company – Successful Strategy for Successful Performance in the International Market", Vizione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, n.23/2015
6. Zununi Z.,Chudoska I., Jovcheska S., "Profile of Professional and International Managers", Vizione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, n.24, 2015
7. Chudoska Blazevska I., "Globl Character of Economic Immigration", Vizione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, n.22, 2014
8. Zununi Z., Jovcheska S., "Planing Human Resources – Practice for Working of Modern and Successful Companies in a Global Level", Vizione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, n.21, 2014
9. Z. Zununi, Crossroads, The Macedonian Foreign Policy Journal, Ministry of Foreign Affairs of the Republic of Macedonia, 2015 (во фаза на печатење)
10. Z. Zununi, "General Electric Company – успешна стратегија за успешен настап на меѓународниот пазар", Visione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, 2015

11. Chudoska I., Zununi Z. "Global character of economic immigration", International Magazine for social studies „Vizione" Number.22, Skopje: Visions Magazine -2014, p.393-400
12. Chudoska I.,Maliqi N., Zununi Z."There is no Development without Knowledge – the Problem of Experts Outflow from the Balkan Countries" Presented on the International scientific conference "New Knowledge for New Development", MASA Macedonian Academy for Science and Arts, Skopje 7-8 October 2013
13. Chudoska I.,Maliqi.N.,Zununi Z. "International Economic Migration as a Global Phenomenon " Presented on the International scientific conference "Migration and Labor Market" organized by University St.Cyril and Methodius", Institute for Sociological political and juridical research, Krushevo, R.Macedonia, 19-20 October 2012;
14. Z. Zunini, "Shperngulja e popullsise nga rajoni i Mavroves dhe Rostushes per ne Turqi", Studime Albanologjike, Instituti i trashegimise shpirterore e kulturore te shqiptareve, Skopje, 2012
15. З. Зунуни, "Почитување на националната и организациска култура во организацијата предуслов за ефективност во работењето во тимови", Instituti Per Trashigimi Kulturore Dhe Shpirterore te Shqiptareve, Skopje, 2011
16. З. Зунуни, "Иселувањето на жителите од Општина Маврово и Ростуша во Република Турција", Instituti Per Trashigimi Kulturore Dhe Shpirterore te Shqiptareve, Skopje, 2011
17. З. Зунуни "Природно движење на вкупното население во селата кои денес припаѓаат во општина Маврово и Ростуша" Visione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, n.17, 2011
18. З. Зунуни "Migration of population-process that never stop", Crossroads, The Macedonian Foreign Policy Journal, Ministry of Foreign Affairs of the Republic of Macedonia, издание 9 бр. 2, 2011
19. З. Зунуни, "Стратегија за развој на образованието во земјите од Западен Балкан", I Međunarodni naučni skup o ekonomskom razvoju i životnom standardu, Banja Luka, Bosna i Hercegovina, 2011
20. З. Зунуни "Europeization and Macedonian Emigration in the European Countries – Example of Italy", Identity in the Era of Globalization and Europeanization, International Scientific Conference, St. Cyril and Methodius University, Skopje, 2011
21. З. Зунуни, "Имплементација на квалитетна социјална политика предуслов за побрз економски раст и развој на Р.Македонија", Visione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, n.16, 2011
22. З. Зунуни, "Емиграционите движења од Македонија во Европа со посебен осврт во Италија", НУБ "Св. Климент Охридски", Скопје, 2011....

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на рецензионата комисија согласно изнесените податоци за биографијата на кандидатот неговата досегашна ангажираност и стручна дејност и заради досегашните постигнати резултати, заклучи дека кандидатот Проф. Д-р Зунун Зунуни, доктор по социолочки науки ги сполнува условите за избор во редовен професор.

Врз основа на ова членовите на рецензионата комисија имаат за чест и задоволство на Наставно научниот совет да му предложат да го избере кандидатот Проф. Д- р Зунун

Зунуни во звање редовен професор од областа на Методологија и теорија во политичките науки и Општа социологија

Скопје, април 2019 год.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. Д-р Нано Ружин – претседател

Проф. Д-р Назми Маличи – член

Проф. Д-р Јорде Јакимовски - член